Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 02-5921
27.10 2025 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање преку е-пошта од 08.10.2025 година од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ПРИФАЌА** барањето од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ, за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ, да се запознае со содржината на бараната информација во форма на електронски запис, по електронска пошта.

### Образложение

Барателот на информацијата – Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ на ден 08.10.2025 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање со кое бараат информација од јавен карактер за јавна набавка на лични заштитни средства, бр.0630/2025 и тоа:

- Одлука за јавна набавка
- Записник од отворање на понудите;
- Записник од спроведениот технички дијалог;
- Пристигнати понуди или пријави за учество ( Образец на понуда-Финансиска понуда);
- Извештај за извршена евалуација;
- Извештај за спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка;
- Одлука за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката;
- Потпишан договор за јавна набавка или рамковна спогодба; и
- Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола

Информацијата ја бараат во форма на електронски запис по е-маил.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРИЛОГ:**

1. Одлука за јавна набавка,
2. Записник од отворањето на понудите,
3. Образец на понуда – АРМОР ПЛУС,
4. Финансиска понуда – АРМОР ПЛУС,
5. Образец на понуда – ТЕХНО ХАУС,
6. Финансиска понуда – ТЕХНО ХАУС,
7. Извештај од евалуација на понудите,
8. Извештај од спроведена постапка,
9. Одлука за избор,
10. Рамковна спогодба.

Бидејќи Имателот ги достави сите документи со кои располага, а се содржани во Барањето од 08.10.2025 год. од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ, се смета дека Имателот постапи во целост по Барањето.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Doc. Dr. Burim Latifi**

Службени лица за посредување со ИЈК:

Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но:

- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива